# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XI БРОЈ 54 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА


Во овој број


Страница 2

МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, БУЈАР ОСМАНИ ВО ПОСЕТА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО

МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, БУЈАР ОСМАНИ ВО ПОСЕТА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАЛА ПРЕСПА

Страница 3

МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК “ИЛИНДЕН“ СТАНА ДЕЛ ОД ПЛАТФОРМАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕТИЧКИ МЕДИУМИ И Е ПРВИОТ ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА КОЈ Е ДЕЛ ОД ПЛАТФОРМАТА

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА НАЈОСТРО ГО ОСУДУВА ИЗЈАВАТА НА ЗАМЕНИКОТ МИНИСТЕР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА БУГАРИЈА, ЗА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИ ВО АЛБАНИЈА

Страница 4

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА БАРА ИТНА СРЕДБА НА ПРЕТСАВНИЦИ ОД ВЛАДАТА НА АЛБАНИЈА И НА МАКЕДОНИЈА СО ЦЕЛ СПАС НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

Страница 5

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО РАКОМЕТНИОТ КЛУБ “ЕНХАЛОН“ ОД СТРУГА

МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА ЧЕКААТ НОВ ПОЧЕТОК

Страница 6

СТЕРЈОВСКИ: БАРА ОБЛАСТИТЕ ГОЛО БРДО И ГОРА ДА БИДАТ ПОСЕБНИ ОПШТИНИ, А ПУСТЕЦ ДА БИДЕ ИМЕНУВАНА ВО ОПШТИНА ПРЕСПА

Страница 7

АРБЕН КИНЃИ ОД ШИШТЕЕЦ ОБЛАСТА ГОРА Е НОВИОТ НАЧАЛНИК НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АЛБАНСКИТЕ ВООРУЖЕНИ СИЛИ

МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕРБЕЛЕ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПРАЗНИКОТ ПРЕОБРАЖЕНИЕ ГОСПОДОВО

Страница 8

САРА ЏЕЛИЛИ ПРЕСТАВНИК НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА УЧЕСТВУВА НА БАЛКАНСКИ ПОЕТСКИ КАМП ЗА ДЕЦА И МЛАДИ “ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ ВО ОХРИД

АЛБАНИЈА ГО ОДЛОЖИ ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ПЛАНИРАН ЗА ОКТОМВРИ

Страница 9

РУСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ЈА ПРИЗНА АВТОКЕФАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА

НИКОЛОСКИ: МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА СЕ ПОД НАПАД НА БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА, НО ТИЕ БИЛЕ И ЌЕ ОСТАНАТ МАКЕДОНЦИ

Страница 10

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ЌЕ УЧЕСТВУВА НА КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО БЕРЛИН

Страница 11

ОТВОРЕН БАЛКАН: ВОЗАЧИТЕ ЌЕ МОЖЕ СО ЕДЕН УРЕД ДА ПЛАТАТ ПАТАРИНИ ВО МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И СРБИЈА


## ЧЕСТИТ ПРАЗНИК 8-МИ СЕПТЕМВРИ ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА ТАТКОВИНАТА МАКЕДОНИЈА

Македонско друштво “Илинден“-Тирана ви го честитаме 8-ми септември денот на независноста на татковината Македонија се одбележуват 31 години од независноста. Да е вечен да го почитуваме и славиме овој голем ден.

**Македонско друштво “Илинден”-Тирана**
**Претседател Никола Ѓурѓај**



## GËZUAR 8 SHTATORIN, DITËN E PAVARËSISË SË ATDHEUT MAQEDONI

Shoqata Maqedonase “Ilinden” -Tiranë ju uron gëzuar 8 shtatorin, ditën e pavarësisë së atdheut Maqedonia shënohen 31 vjet nga pavarësia. Ta nderojmë dhe festojmë përgjithmonë këtë ditë të madhe.

**Shoqata Maqedonase “Ilinden”-Tiranë**
**Kryetar Z. Nikolla Gjurgaj**

## МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, БУЈАР ОСМАНИ ВО ПОСЕТА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГОЛО БРДО



Македонија обезбедува поддршка за заштита и промоција на јазични и културни особености на македонската заедница во Албанија, преку конкретни проекти и соработка, објави министерот за надворешни работи, Бујар Османи, за денешната посета на Македонците во областа Голо Брдо во Албанија. Потребни се дополнителни заеднички напори со Албанија за промена на режимот на работа на граничниот премин Џепиште-Требиште со што би се подобрила економската и трговска соработка во овој крај, како и слободата на движење на локалното население од двете страни на границата. Ова прашање беше покренато како едно од клучните прашања од интерес на македонското население во областа Голо Брдо, стои во објавата. Османи во својата објава воедно изрази и благодарност за одличната соработка со албанските институции, ѝ нивната поддршка за македонското национално малцинство во Албанија.










## МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, БУЈАР ОСМАНИ ВО ПОСЕТА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАЛА ПРЕСПА

На средбите со градоначалникот Пали Колески, како и со претседателот на Македонската алијанса за европска интеграција, Васил Стерјоски ги отворивме прашања кои се предизвик за локалната власт и локалното население во поширокиот регион на Мала Преспа. Останувамe во комуникација со Македонците во Албанија и албанските институции за прашања кои се од интерес на нивната етничка, културна и јазична посебност. Остварив средба со директорот на училиштето, во кое учениците посетуваат настава на македонски јазик. Министерството за надворешни работи на Македонија во текот на минатата година финансираше неколку проекти на македонски здруженија од Албанија, додека Владата и Министерството за образование и наука доделија 20тина стипендии за студирање во нашата држава. – објави мнистерот за надворешни работи, Бујар Османи, за денешната посета на Македонците во областа Голо Брдо во Албанија.





## МАКЕДОНСКИОТ ВЕСНИК "ИЛИНДЕН" СТАНА ДЕЛ ОД ПЛАТФОРМАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕТИЧКИ МЕДИУМИ И Е ПРВИОТ ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА КОЈ Е ДЕЛ ОД ПЛАТФОРМАТА

Македонскиот весник "Илинден" стана дел од платформата на Алијансата за етички медиуми, членови на АЕМ се 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Република Албанија. Алијансата ги штити своите членки од нефер притисоци и напади. Алијансата за етички медиуми е доброволна група албански медиуми посветени на строго спроведување на Етичкиот кодекс на новинарите. Мисијата на Алијансата за етички медиуми е да промовира квалитетно известување во сите форми со цел да и покаже на јавноста дека членовите на Алијансата се сигурни извори на информации. Македонскиот весник "Илинден" е првиот весник на македонското малцинство во Република Албанија кој е дел од платформата на Алијансата за етички медиуми, а воедно и првиот весник на националните малцинства во Република Албанија. Македонскиот весник ''Илинден" и главниот уредник на весникот Никола Ѓурѓај му се заблагодаруваат на Одборот на Алијансата за етички медиуми, кој одлучи македонскиот весник ''Илинден" да биде член на АЕМ. Македонскиот весник "Илинден" излезе во февруари 2011 година во Тирана, тој е весник на Македонското друштво "Илинден" -Тирана и единствениот македонски весник во Република Албанија што излегува во печатена и електронска форма. Македонскиот весник ''Илинден" продуцира и емитува информации на македонски јазик. Се објавуваат вести за Македонците во Република Албанија, Македонија, Албанија, Балканот, Европа и светот, политички вести, економски, културни, спортски и интервјуа. Македонскиот весник ''Илинден" се стреми да има стандарди на објективно, истражувачко, аналитичко новинарство, објективна презентација на информациите и нивните извори, како и квалитет и креативност во креирањето вести.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА НАЈОСТРО ГО ОСУДУВА ИЗЈАВАТА НА ЗАМЕНИКОТ МИНИСТЕР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА БУГАРИЈА, ЗА АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИ ВО АЛБАНИЈА




Денес, 25 август 2022 година, го чувме заменикот министер за надворешни работи на Република Бугарија, Костадин Коџабашев со изјава дека „ги поддржуваат и ќе продолжат да ги поддржуваат Бугарите во Албанија". Ваквата реакција доаѓа во пресрет на новата територијална поделба на Република Албанија, а особено по барањето за формирање на посебни општини каде Македонците живеат со векови и во пределите Преспа, Голо Брдо и Гора. Иако се дегутантни и веќе смешно излитени изјавите на бугарските перјаници во врска со именувањето на Македонците во Албанија со Бугари, сепак по онаа народната „сто пати кажаната лага станува вистина" и

Коџабашиев се вклучува во ширењето на лагата. Намерната замена на нашето вековно македонското чувство, со некакво, од Бугарите измислено бугарско национално чувство, кај нас не поминува. Напротив, кај многу од нас, Македонците се создава и чувство на пизма кој бугарските официјални политички претставници поради нивната уценувачка и настојчива активност да нѝ ја наметнат бугарштината како чувство иако со децении кажуваме дека не сме Бугари. И како Македонци од Преспа, Голо Брдо и Гора по кој знае кој пат им се обраќаме на европските институции да преземат мерки за контролирање на неконтролабилните бугарски политичари чие однесување е крајно неевропско, дури и нецивилизирано за 21. век. Она што нас нѐ загрижува е фактот што токму Европската Унија како заедница на демократски држави дозволува една нејзина членка да се однесува варварски кон Македонците во Албанија. Во своето обраќање Коџабашиев спомнува дека претставници на бугарското малцинство во Албанија побарале средба со претседателот на Бугарија, Радев и дека ќе се потрудат таа да се реализира. Да не е смешно, ќе биде комично. Познавајќи го капацитетот на платените ликови во Албанија кои треба да одглумат Бугари, не се сомневаме дека ваквата средба е иницирана од Бугарија. Но, за да не биде вистината гола, подобро е да ѝ фрлиме некоја наметка. Наметката се вика дежурни платеници кои за пари го продаваат и мајчиното млеко. Коџабашиев треба да научи дека нивните платеници кои глумат Бугари во Албанија, утре ќе се изјаснат и марсовци, доколку некој подобро платат од Бугарија Жаламе што и нашата, албанска Влада дозволува на нејзината територија да шетаат емисари на други држави со цел да внесуваат раздор и немир сред нејзините жители.
Тоа го направи и самата албанска Влада во 2017 година кога попушти пред уцените на Бугарија и без реално постоење на ниту еден Бугарин во Албанија, го вметнаа бугарското малцинство во Законот за малцинства. Но, Бугарија како член на Европската Унија и склона кон уцени, се закануваше на Албанија со вето за почнување на преговори за влез во европското семејство, а жртвата и цената за таквиот чин беше газењето врз коскините на покојните и чувствата на живите Македонци во Албанија.
Срамно е европското демократско семејство да ги гази своите зацртани постулати за основните човекови права и да молчи за недозволивата ароганција на Бугарите, кои сѐ поинтензивно работат на денационализација и геноцид на Македонците во Република Албанија. Ние имаме да порачаме дека платениците што ви се Бугари, никој не знае до кога ќе бидат Бугари. А ние, Македонци сме биле, Македонци ќе останеме.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА БАРА ИТНА СРЕДБА НА ПРЕТСАВНИЦИ ОД ВЛАДАТА НА АЛБАНИЈА И НА МАКЕДОНИЈА СО ЦЕЛ СПАС НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО



Актуелната состојба со Прспанското Езеро бара итно преземање мерки бидејќи Езерото е на чекор до еколошка катастрофа. Преспанското Езеро, како едно од најстарите сочувани тектонски езера во светот, споменик на природата и дом на 1.500 ендемски видови животни. Но, според последната состојба, Езерото на одредени места е повлечено и до 300 метри од брегот. Алармантната состојба со недостатокот на вода засекогаш ќе го нарушат и уништат екосистемот на Преспанското Езеро. Значењето на Езерото е огромно и за Македонците од областа Преспа кои егзистенцијално се поврзани со Преспанското Езеро, Економските импликации по населението кое живее околу Езерото се катастрофални. Страдаа земјоделието, риболовот и туризмот. Вака согледувајќи ги последиците итно треба да преземат мерки за санирање на состојба на Преспанското Езеро.

## СТЕРЈОВСКИ: БУГАРСКО МАЛЦИНСТВО ВО АЛБАНИЈА НЕ ПОСТОИ




Во интервју за албанската телевизија „Еуроњуз Албанија", лидерот на единствената македонска партија, Македонска алијанса за европска интеграција, МАЕИ, Васил Стерјовски изјави дека Бугарија ја смета за бугарска, не само македонската заедница во Албанија, туку и во балканските земји и тоа е поврзано со политиката на Софија кон Скопје. Во Албанија нема бугарско малцинство. Сета оваа е поврзано со политиката и односот на бугарската држава, што таа го има воопшто со македонската нација и со Македонија, но и секаде каде што има македонско малцинство во другите балкански земји, Бугарија тврди дека тие се Бугари. Бугарија ја прошири својата пропаганда и во областите каде што живее македонското малцинство во Албанија, во областа Гора, Преспа и Голо Брдо, вели Стерјовски. Додава дека, искористувајќи го членството во Европската Унија, Бугарија, заканувајќи се со вето извршила притисок врз Албанија да признае непостоечко малцинство. Искористувајќи го членството во Европската Унија, Бугарија, изврши притисок врз Албанија и така беше признато во 2017 година непостоечко бугарско малцинство, кога не се исполнуваше ниту еден критериум за признаено

на вакво малцинство затоа што од сите пописи направени во Албанија од создавањето на албанската држава до денес нема ниту едно лице кое се изјаснило за Бугарин. Исто така, во сите извештаи што Албанија ги прави за меѓународните организации кои ги следат правата на малцинствата, во ниту еден од овие извештаи не стои дека албанската држава изјавила дека има бугарско малцинство. Токму под притисокот на Бугарија во 2017 година и заканата со вето на членството на Албанија во ЕУ беше признаено непостоечко бугарско малцинство, посочува тој. Оценува дека македонското малцинство се чувствува загрозено а однесувањето на Бугарија „внатрешно мешање во работите на Албанија, од каде пак нема никаква реакција". Македонското малцинство се чувствува загрозено. За жал, немаме одговор од албанската држава за сета оваа бугарска пропаганда што се одвива во областите каде што живее македонското малцинство. За нас, активноста на Бугарија, која со методите на 19 век се обидува да го асимилира македонското малцинство во Албанија е мешање во внатрешните работи на Албанија. Како пратеник во Парламентот на Албанија, многупати сум ја искажал оваа загриженост, особено работата на бугарската амбасада и сите активности што ги спроведува за асимилација на македонското малцинство во Албанија.

Побарав реакција од албанските институции, но, за жал, за Албанија приоритет беше отворањето на преговорите за членство во ЕУ и да нема проблеми со Бугарија и ја остави слободно да се шири оваа бугарска пропаганда и за жал, имаме грубо мешање во внатрешните работи на Албанија за асимилација на македонското малцинство, посочува Стерјовски. Побарав, нагласува, реакција од албанските институции, но, такво нешто нема. Но, за жал, за Албанија приоритет беше отворањето на преговорите за членство во ЕУ и да нема проблеми со Бугарија остави слободно да се шири оваа бугарска пропаганда. За жал, имаме грубо мешање во внатрешните работи на Албанија за асимилација на македонското малцинство, изјави Стерјовски за „Еуроњуз Албанија", најавен како поранешен пратеник и лидер на МАЕИ.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО РАКОМЕТНИОТ КЛУБ "ЕНХАЛОН" ОД СТРУГА



Македонско друштво "Илинден"-Тирана, преставувано од претседателот г-дин Никола Ѓурѓај, потпишаа Меморандум за соработка со ракометен клуб "Енхалон" од Струга, преставувано од претседателот г-дин Дејан Костески, со цел заедничка промоција на спортот на национално и меѓународно ниво. Двете Здруженија покажаа интерес за градење на партнерство во спроведување на конкретни проектни активности со намера да ги реализираат заедничките цели преку взаемни проекти. Нивна цел ќе биде да спроведуваат истражувања, креирање, развој и промоција на спортот на сите категории (децата, младите и возрасните), размена на деца и младинци како учесници во разни манифестации, како и промовирање и поддршка на научни, културно-уметнички, спортски и хуманитарни активности и манифестации.

## МАКЕДОНЦИТЕ ОД АЛБАНИЈА ЧЕКААТ НОВ ПОЧЕТОК



Албанија неодамна ги почна преговорите со Европската Унија, а токму почитувањето на малцинските права е еден од најважните критериуми на патот кон ЕУ. Но дали овој почеток на преговори ќе значи и нов почеток за Македонците во Албанија, кои со години и децении се фрлени на маргините на општеството без права и елементарни услови за живот. Македонците од областите Голо Брдо и Гора денес немаат ниту еден советник во општинските совети на Булќиза и Кукс, а на прсти може да се избројат оние што се вработени во локалните самоуправи. Во областите каде што живеат Македонци нема речиси никакви инвестиции, па проблемите со недостиг од водовод, канализација, патишта, електрична енергија и понатаму се присутни. Наспроти тоа, албанското малцинство во Македонија ги ужива сите можни права, па дури во Македонија се чувствува и тренд на мајоризација на малцинството над мнозинството

Албанската влада во јуни 2015 година спроведе нова административно-територијална поделба, со која беа укинати општините Требиште, Острени и Стеблево во областа Голо Брдо, кои сега се приклучени

кон општината Булќиза, како и општините Шиштевац и Запот во областа Гора, кои сега се во рамките на општината Кукс. Со новата административна поделба, единствена македонска општина во Албанија остана само општината Пустец, во областа Мала Преспа. Македонското малцинство во 2014 година побара од албанската влада да ги земе предвид неговите барања за формирање на општините Голо Брдо и Гора, но неговите молби и претставки не беа земени предвид. Веќе неколку години македонските друштва и организации во Албанија предупредуваат дека со постојната организација на локалната власт, областите каде што живеат Македонците остануваат неразвиени, а услугите од државната администрација и локалната самоуправа се отежнати. Македонците од Голо Брдо и Гора неколкупати укажаа дека постојната административно-територијална поделба е чекор назад во почитувањето на малцинските права во Албанија. Неодамна Албанија ги почна преговорите со Европската Унија, а токму почитувањето на малцинските права е еден од најважните критериуми на патот кон ЕУ. Дали сега нешто ќе се подобри во однос на македонското малцинство во Албанија, останува да видиме.

Инаку, прашањето за административно-територијалната поделба повторно е актуелно во албанското општество, особено ако се земе предвид дека мнозина укажаа на нефункционалноста на оваа територијална поделба. Во рамките на албанското собрание е формирана посебна комисија „За административно-територијална реформа во Република Албанија“. Неколку македонски друштва и организации во Албанија, вклучувајќи ги и македонското друштво “Илинден”-Тирана“ и македонското друштво “Илинден”– разгранок Голо Брдо“, повторно го актуализираа барањето од 2014 година за изменување и дополнување на Законот за општините, со формирање две општини – општина Голо Брдо и општина Гора. Никола Ѓурѓај од друштвото “Илинден”-Тирана“ за оваа проблематика вели дека градоначалниците не треба да бидат именувани од албанската влада, туку да бидат избрани од граѓаните. Според Ѓурѓај, на овој начин ќе се овозможи непосредно решавање на локалните проблеми, но ќе се зголеми и довербата на граѓаните во системот. Претставниците на македонското малцинство презедоа и конкретни активности за реализација на нивните барања и потреби. Васил Стерјовски, претседател на македонското друштво „Сонце“, и Едмонд Османи, потпретседател на македонското друштво „Мост“, од собраниската комисија за територијална реформа во Албанија, официјално побараа формирање општини Голо Брдо и Гора. Васил Стерјовски исто така побара, во име на Македонците од Мала Преспа, која е единствена македонска општина во Албанија, да се преименува во Преспа, бидејќи Пустец е само едно од деветте села во оваа област.

Според Васил Стерјовски, Македонците од областите Голо Брдо и Гора денес се најмалку претставувани, зашто немаат ниту еден советник во општинските совети на Булќиза и Кукс, а на прсти може да се избројат оние што се вработени во локалните самоуправи. Нема речиси никакви инвестиции, па проблемите со недостиг од водовод, канализација, патишта, електрична енергија и понатаму се присутни.

Можеби е единствен пример во светот оној на жителите од административната единица Требиште, област Голо Брдо, кои, поради недостиг од асфалтни патишта, мораат да минат преку двата гранични премина со Македонија, за да стигнат до Булќиза за одредена услуга. Идентична е состојбата и со жителите на Борје и Шиштевец, област Гора, кои минуваат преку два премина со Косово, за да стигнат во Кукс – вели Стерјовски. Македонското малцинство досега неколкупати посочи дека поради непостоењето на минимални услови за нормално живеење, голем број Македонци се населуваат во Елбасан, Драч, Кукс, Тирана, како и надвор од Албанија, со што се намалува бројот на Македонците во Голо Брдо и другите области. Д.Ст.

## СТЕРЈОВСКИ: БАРА ОБЛАСТИТЕ ГОЛО БРДО И ГОРА ДА БИДАТ ПОСЕБНИ ОПШТИНИ, А ПУСТЕЦ ДА БИДЕ ИМЕНУВАНА ВО ОПШТИНА ПРЕСПА




Телевизијата ги пренесува ставовите на Васил Стерјовски, претседател на друштвото “Сонце”. Очекуваме на македонското малцинство да му се додадат уште две општини покрај општина Пустец, која сакаме да го смениме името во општина Преспа. Бараме општина Гора во округот Кукс и општина Голо Брдо во округот Пешкопеја, бидејќи сметаме дека реформата од 2014 година во овие области пропадна зашто македонската заедница немаше никаква застапеност, вели Стерјовски. Со територијата поделба усвоена во 2014 година Пустец е единствена македонска општина во Албанија, додека поранешните општини во Гора се припоени кон округот Кукс додека оние од Голо Брдо (Острени и Требиште) кон Булќиза и Стеблево кон Либражд.

## АРБЕН КИНЃИ ОД ШИШТЕЕЦ ОБЛАСТА ГОРА Е НОВИОТ НАЧАЛНИК НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА АЛБАНСКИТЕ ВООРУЖЕНИ СИЛИ



Бригадниот генерал Арбен Воке Кинѓи од село Шиштеец областа Гора е новиот началник на Генералштабот на албанските вооружени сили. Тој доаѓа на местото на генерал Бајрам Бегај, кој оваа функција ја напушти во почетокот на јуни, кога беше предложен а потоа и избран за претседател на Албанија. Предлог за назначување на ова функција на генерал Кинѓи достави премиерот Еди Рама до претседателот Бегај, кој попладнево потпиша уредба. Во 2020 година, Арбен Кинѓи беше унапреден од тогашниот претседател Илир Мета со чин бригаден генерал, додека моментно ја извршува функцијата командант на баталјонот за поддршка во Генералштабот на вооружените сили. Бригадниот генерал Арбен Воке Кинѓи извршувал и други должности како што е военото аташе на Република Албанија во Романија. Претходно бил командант на Воената полиција и командант на контингентот во повеќе мисии во Авганистан и Ирак.

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕРБЕЛЕ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПРАЗНИКОТ ПРЕОБРАЖЕНИЕ ГОСПОДОВО



Македонците од селото Ербеле, област Поле или Долни Дебар, кое се наоѓа во близина на албанско-македонската граница кај Дебар, и неколку други околни населени места, го одбележаа денешниот голем христијански празник, Преображение Господово. По две години, поради пандемијата, овој пат во црквата „Свето Преображение“ која датира од 12 век, присуствуваа поголем број верници, меѓу кои и оние по потекло од овој крај а сега живеат во Македонија, во други градови во Албанија и во западно европските земји. Ја продолжуваме вековната традиција, годинава со поголемо присуство. По повеќе години за првпат беше одржана и богослужба од страна на Миле Ангеловски, наместник на дебарската парохија. Тука беа локални жители од повеќе села од оваа област, Македонци по потекло од Ербеле а кои денес живеат во Тирана, Драч, Елбасан, Маќелара, како и во Дебар и други градови во Македонија, но и водруги земји, изјави Ернест Постоли, чие семејство се грижи за црквата. Додава дека при кршењето на погачата, што ја подготвила Руска Богдани, од село Крчиште, каде лани се паднала паричката, најсреќна била Гента Траја, која ќе ја подготви погачата за празникот до година. Жителите од поширокиот крај од двете страни на границата, независно од верската припадност веруваат дека црквата има исцелителна моќ. Во црквата доаѓаме спроти прзникот, значи синоќа а одбележувањето продолжи денеска. По традиција и верување, ноќта спроти празникот, во оваа црква доаѓале не само православни туку и муслимани. Ноќта ја минувале во овој божји храм и се молат за излекување од разни болести, зашто црквата има исцелителна моќ. Голем број луѓе тука го нашле лекот за својата болест, вели Постоли. Во октомври 2018 година познатото македонско древно светилиште, Бигорски манастир и подари 12 икони на црквата, што се реализираше по средбата на игуменот на манастирот, владиката Партениј и Никола Ѓурѓај претседател на македонското друштво “Илинден“-Тирана. Црквата „Свето Преображение“ во 1970 година, со одлука на албанските власти, прогласена е за споменик на културата.



## САРА ЏЕЛИЛИ ПРЕСТАВНИК НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА УЧЕСТУВА НА БАЛКАНСКИ ПОЕТСКИ КАМП ЗА ДЕЦА И МЛАДИ “ВАНЧО НИКОЛЕСКИ” ВО ОХРИД



Со поздравно обраќање на градоначалникот, Кирил Пецаков  денеска во Охрид започна четвртото издание на Балкански поетски камп за млади „Ванчо Николески“. На младите поети и поетеси од земјава и странство градоначалникот Пецаков им посака пријатен престој во Охрид во кој се кријат многу мотиви за идна творечка инспирација. Огромно е задоволството да се биде меѓу младите поети и поетеси од Македонија и неколку балкански земји  чии напишани стихови со воодушевување сакаме да ги прочитаме или слушнеме, а кои се гаранција за нивниот иден авторски успех во светски рамки.  Особено се радувам на вакните настани затоа што со нив се збогатува културната понуда на Охрид и се разменуваат ставови и искуства на млади пишувачи на убавиот збор од повеќе земји. Во време на дигитално општество, кога социјалните мрежи стануваат доминантни на комуникациски план станува реткост  да се прочита проза или поезија од пишуван труд. Пишувањето и читањето се особено значајни во процесот на социјален развој на единката и затоа секогаш треба да се преферираат и негуваат. На сите вас учесници на Балканскиот поетски камп ви посакувам пријатен престој во Охрид со желба да доловите барем дел од неговите убавини. Посетете ги нашите убави манастири и цркви, одете на Плаошник или влезете во Самоиловите крепости.  Доколку ве послужи времето одете на некоја од бројните плажи,а ноќта минете ја крај охридското езеро. Сигурен сум дека тука кај нас ќе најдете многу мотиви за вашите наредни поетски творби – рече градоначалникот Пецаков. Учесниците на настанот ги поздрави и претседателот на Друштвото на писателите на Македонија, професор д-р Христо Петревски. Учесниците на балканскиот поетски камп  е предвидено да присуствуваат на одделни манифестации на Меѓународниот семинар за македонски јазик и литература, при УКУМ, како и на поетскиот фестивал „Струшките вечери на поезијата“. Тие  ќе ја посетат општина Дебрца и Вевчани. Инаку, кампот се одржува под покровителство на Светската академија на поезијата, при УНЕСКО, додека претседателот на Македонија, Стево Пендароски, испраќа посебно Послание до учесниците. Преставничка на Македонското друштво “Илинден“-Тирана на Четвртито Балкански поетски камп за деца и млади “Ванчо Николески” е Сара Џелили по потекло се од Голо Брдо а живее во Елбасан. Младите поети и поетеси се од Македонија, Украина, Албанија. Виртуелно вклучување на настанот ќе имаат поети од Хрватска и Србија.

## АЛБАНИЈА ГО ОДЛОЖИ ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ПЛАНИРАН ЗА ОКТОМВРИ



Албанија за идната година го  одложи пописот на населението и становите планиран за октомври годинава, соопшти доцна попладне Институтот за статистика.

Во услови на необезбедување на алатки потребни за собирање информации на терен, невозможно е да се спроведе оваа активност. Институтот за статистика останува посветен на својата цел да го спроведе пописот на населението и становите во согласност со стандардите и препораките на Обединетите нации и Статистичката канцеларија на Европската унија (Евростат), се наведува во соопштението, што го пренесе вечерва Топ чанел. Ова е вторпат како се одложува спроведувањето на оваа статистичка операција. Првиот пат одложувањето беше поради ситуацијата создадена од пандемијата со Ковид-19. Потоа, ИНСТАТ одлучи на 1 октомври годинава официјално да започне пописот на населението, за што почна спроведување на потребните подготвителни активности, наведува телевизијата. Во годишната програма на ИНСТАТ се наведува дека овој попис се очекува да трае 6 недели и оти сите активности за успешен попис ќе завршат навреме.

## РУСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ЈА ПРИЗНА АВТОКЕФАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА



На 25 август 2022 година, за време на состанокот на Светиот синод на Руската православна црква, беше слушната пораката на Неговата Светост Патријархот Московски и на цела Русија Кирил за доделувањето од страна на Српската православна црква на автокефалноста на Македонската православна црква – Охридската архиепископија, се вели во соопштението на Руската православна црква кое го пренесуваме во продолжение: Синодот одлучи да му се заблагодари на Господ Бог за решавањето на прашањето за статусот на Православната црква во Северна Македонија на канонска основа и да ја признае Македонската православна црква – Охридска Архиепископија како автокефална сестринска црква, впишувајќи го името на нејзиниот поглавар, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Стефан, во светите диптиси. Членовите на Синодот изразија надеж дека најмладите во семејството на автокефалните православни цркви, Македонската православна црква – Охридската архиепископија, цврсто ќе ја зачуваат светата православна вера во чистота и чесност и ќе ја почитуваат верноста на православната канонска традиција. Учесниците на состанокот, исто така, одлучија да ги известат Неговата Светост Патријарх српски Порфириј и Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Стефан, за одлуката на Светиот Синод. Светиот синод на Руската православна црква на седницата на 27 мај (Дневник бр. 43) со благодарност кон Бога ја прифати веста за обновувањето на заедништвото меѓу Српската патријаршија и Македонската православна црква, Архиепископијата Охрид, што се одржа на 16 мај, во статус на автономна Црква, кој и е доделен во 1959 г. Исто така, беше објавено дека Архиерејскиот собор на СПЦ на 15-21 мај 2022 година, како одговор на петицијата на Македонската православна црква – Охридската архиепископија, едногласно ја благослови нејзината автокефалност. На 5 јуни 2022 година, во катедралната црква „Архангел Михаил“ во Белград, Неговата Светост Патријарх Србија Порфириј и Неговото Блаженство Архиепископ Охридски и Македонски Стефан отслужија Божествена Литургија, во сослужение на архиереите на Српската православна црква и г. Македонска православна црква — Охридска архиепископија. На крајот од Литургијата, Неговата Светост Патријархот Порфириј, исполнувајќи ја одлуката на Архиерејскиот собор на Српската православна црква, на своето блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Стефан свечено му го врачи томосот, потврдувајќи ја автокефалноста на Македонската православна црква – Охридска Архиепископија. Неговата Светост Патријарх Србија Порфириј ја известил Неговата Светост Патријархот Московски и на цела Русија Кирил за настанот во писмо од 8 август 2022 година, изразувајќи ја својата желба и барање до Руската православна црква „да ја прифатите и целосно канонската црква веќе спомената како најмладата сестринска автокефална православна црква, давајќи пример на овој начин за останатите помесни православни цркви“. Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Стефан, исто така, испрати писмо од 13 јули 2022 година до Неговата Светост Патријархот Московски и на цела Русија Кирил во кое го информира за наведените „радосни настани што Бог ја удостоил нашата Помесна Црква“. Извор: Официјален сајт на Руската православна црква

## НИКОЛОСКИ: МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА СЕ ПОД НАПАД НА БУГАРСКАТА ПРОПАГАНДА, НО ТИЕ БИЛЕ И ЌЕ ОСТАНАТ МАКЕДОНЦИ

При денешната посета на општина Битола потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николоски одговарајќи на новинарско прашање во однос на Мала Преспа и сведоците Македонци што во Мала Преспа се бунат дека Бугарите прават асимилација, уште во 90-тите години се правела асимилација но денес сведоци Македонци велат дека денес бргу ги прифаќаат бугарските уцени, односно пасоши, државјанства за да ја напуштат Албанија истакна дека Македонците кои што живеат во Мала Преспа се под напад на Бугарската асимилација а пасоши вадат од економски причини. „Во однос на Мала Преспа јас апсолутно се сложувам со ова што го кажавте и мислам дека луѓето наши кои што живеат таму се под напад на бугарската пропаганда но исто така мислам дека на сите ние е јасно, како што им е на нив јасно јас лично сум во континуиран контакт со голем дел од нив дека тие се таму Македонци, а јасно ни и на сите луѓе овдека дека бугарски пасоши за жал луѓето земаат од економски причини и прашање на кое што досега никој од Бугарија не одговорил, сум го поставувал само јас, но еве ќе го поставам повторно е зошто тие кои што земаат бугарски пасоши не остануваат да живеат во Бугарија, туку го земаат пасошот и не стапнуваат уште еднаш во Бугарија, и ако толку имаат чувства кон Бугарија зошто не отидат да живеат таму и




зошто не се обидат да ја најдат својата среќа таму кога веќе имаат Бугарско државјанство врз основа на кое што добиваат бугарски пасош. Одговорот е едноставен, затоа што го гледаат како најлесен начин за да можат да излезат во Европа, да отидат пет- шест месеци во Германија Франција или во Холандија да поработат за да донесат некој денар дома и да можат да ја поминат годината.
И тоа е резултат на тешката економска состојба во која што е народот и претставува најдобар доказ и слика на промашената политика на Република Бугарија кон Република Македонија, наместо да градиме пријателства и мостови ние градиме омраза и непријателства кои што се иницирани комплетно од нивна страна. Дали е тоа имиња на провокативни имиња на културни клубови почна од Битола сега се шири низ цела држава, дали е тоа давање стипендии, дали е тоа измислување проблеми таму каде што ги нема, дали се тоа бугарски пасоши, ако сакате на времето оној случај со една жена од Гевгелија која што имаше семејни проблеми па стана национален проблем, и континуирано 30 години, еве самостојност ќе славиме 31 година сега за скоро, Бугарија се оддалечува од Македонија но за тоа треба да се погледнат себе сите бугарски политичари од прв до последен“, истакна Николоски.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ЌЕ УЧЕСТВУВА НА КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО БЕРЛИН




Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај ќе учествува на Конгресот на Федералната унија на европски националности, ФУЕН, што ќе се одржи во Берлин од 29 септември до први октомври. Малцинските заедници во меѓународни и регионални конфликти и четирите автохтони национални малцинства и етнички групи во Германија ќе бидат фокусните точки на 66 Конгрес. Најголемиот европски собир на национални малцинства и јазични групи ќе започне на 29 септември со церемонијата на отворањето во Претставништвото на државата Бранденбург во Берлин, изјави Ѓурѓај. Додава дека по воведните обраќања следува сесија на BundesTalks – дискусија со членовите на Бундестагот за малцинските права и панел дискусија на тема “Опстанок и надеж – малцинските заедници во меѓународни, регионални и национални вооружени конфликти”. Конгресот ќе продолжи следниот ден во хотелот H4 со панелот: мојот јазик, мојот идентитет за четирите автохтони национални малцинства и етнички групи во Германија и малцинскиот совет, кој е домаќин на годинешниот конгрес на ФУЕН. Работата на Малцинскиот совет се состои првенствено од промовирање и заштита на правата и интересите на четирите автохтони национални малцинства во Германија, Фризите, Данците, Ромите и Лужичките Сорби, додава тој. Според него Советот функционира како претставник на интересите на малцинствата и како врска меѓу Сојузната влада и германскиот Парламент. Предвидени се и годишните состаноци на работните групи на ФУЕН, состаноци со членовите на германскиот парламент, посети на куполата во Рајхстаг и на споменикот на Ромите од Европа и традиционалниот пазар на малцинства. Изборот на новото претседателство на ФУЕН ќе се одржи во сабота на 1 октомври, нагласи Ѓурѓај. Македонското друштвото ”Илинден”-Тирана член е на ФУЕН е од 16 мај 2015 година и е дел од работната група на словенските малцинства. Во овој период редовно учествува на Конгреси и други активности, а по предлог на друштвото усвоена е и Резолуција за положбата на македонското малцинство во Албанија.

## ОТВОРЕН БАЛКАН: ВОЗАЧИТЕ ЌЕ МОЖЕ СО ЕДЕН УРЕД ДА ПЛАТАТ ПАТАРИНИ ВО МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И СРБИЈА




Системот Отворен Балкан – електронска наплата на патарини (Open Balkan ETC) ќе почне да се применува од крајот на септември. Тоа значи дека еден граѓанин на Македонија, Србија или Албанија, кој користи ТАГ за да плаќа патарини во својата земја, истиот ќе може да го користи за плаќање и во другите две држави кои се дел од иницијативата. Најавата за користењето на само еден ТАГ стигна по средбата на српскиот министер за градежништво, транспорт и инфраструктура Томислав Момировиќ со македонскиот министер за транспорт и врски Благој Бочварски во Белград каде се одржува Самит за Отворен Балкан и саем за вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан". „Системот Open Balkan ETC е во тест фаза и до крајот на септември ќе почнеме да користиме еден ТАГ помеѓу Србија, Македонија и Албанија. Секој корисник на ETC наплатата во која било земја во рамките на иницијативата 'Отворен Балкан' ќе може со само еден ТАГ да плаќа патарина во сите други земји од иницијативата 'Отворен Балкан', без запирање или купување дополнителен уред или картичка во земјите каде што неговото возило не е регистрирано", рекол Момировиќ, соопштија од неговиот кабинет. Користењето на единствен ТАГ уред за плаќање патарини во Србија, Македонија и Албанија беше најавувано и претходно, но без прецизни датуми кога ќе почне да функционира. Од „Патишта Србија" во изјава за „Еврођуз" во јуни годинава најавија и привилегии за граѓаните кои наместо со кеш или платежна картичка, ќе плаќаат патарини со ТАГ уредот. Како што посочија тогаш, планирано е граѓаните на Србија кои ќе плаќаат на овој начин, во Македонија и Албанија да имаат попуст од 5 отсто и тоа да важи реципрочно – граѓаните на Македонија да имаат попуст во Србија и Албанија.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник "Илинден" и Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Адреса: Rruga "Mihal Grameno" Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник "Илинден" - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Црква „Св. Климент и Пантелејмон“ - Охрид